**Врховен суд**
**на Република Северна Македонија**
**03Су.бр.710/20-2**
**11.12.2020 година**

# Ј А В Е Н  П О В И К

Со Одлука бр. 44-9134/1 од 03.11.2020 година објавена во Службен весник на РСМ бр. 264/2020, Владата на Република Северна Македонија даде согласност на Врховниот суд на Република Северна Македонија за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад на движните ствари - информатичка опрема кои се дотраени, неупотребливи и технички застарени.

За таа цел ги повикуваме заинтересираните правни лица, најдоцна до 21.12.2020 година да достават понуда за преземање на електронскиот отпад-неупотреблива информатичка опрема наведена во Листата на движни ствари во прилог.

По изминувањето на рокот за поднесување понуди, Врховниот суд на Република Северна Македонија ќе изврши избор на најповолна понуда и тоа врз следните критериуми:

- Временски период на преземање на отпадот - 45 бода и
- Цена по која отпадот ќе биде преземен - 55 бода

Понудата треба да содржи информации:

- за временскиот период во кој погоре наведениот отпад ќе биде преземен од Врховниот суд на Република Северна Македонија и
- цена по која отпадот ќе биде преземен

Заинтересираните правни лица, заедно со понудата потребно е да достават:
- Дозвола за скалдирање и третман на електричен и електронски отпад
- Дозвола за собирање и транспорт на отпад

Понудите, заедно со комплетната документација да се доставаат електронски на е-маил info@vsrm.mk или по пошта на адресата на Врховниот суд на Република Северна Македонија, бул. ,,Крсте Мисирков'' бр.8 – 1000 Скопје, со назнака за Комисија за недвижни и движни ствари, најдоцна до 21.12.2020 година.

Прилог: Листа на движни ствари

Комисија за недвижни и движни ствари